Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 јуни 2020 година, донесе

# УРЕДБА
# СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

## Член 1

(1) Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019), ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

(2) За постојаното следење на деловниот однос, за ажурирање на документите и податоците на клиентите, ополномоштувачите или вистинските сопственици и за работењето на клиентите со низок ризик, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

## Член 2

(1) Субјектите кои имаат обврска да ги ажурираат документите и податоците за својот клиент, ополномоштувачот или вистинскиот сопственик во рамки на постојаното следење на деловниот однос со клиентите, можат да ги ажурираат истите со користење на системи на далечински пристап како што се електронски канали, контакт центри или мобилни апликации доколку во рамките на субјектот постојат оперативно-технички услови за верификација односно автентикација заради сигурно и веродостојно обезбедување на тие документи и податоци.

(2) Автентикација на клиентот претставува постапка којашто им овозможува на субјектите да го потврдат идентитетот на клиентот и преку користење на системи од ставот (1) на овој член. Автентикацијата на клиентот се врши преку комбинација од најмалку два од следниве три елементи:

1) знаење: преку слог на знаци што му е познат единствено на корисникот, како што е единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), лозинка, пин и шифра;

2) владение: преку уред што единствено корисникот го поседува, како што е платежна картичка (со внес на последни 4 цифри од истата), мобилен телефон, код за еднократна употреба испратен на телефонски број на клиентот, клуч (токен), дигитален сертификат и електронска картичка и

3) својственост: преку некоја од единствените лични биометриски физички карактеристики на корисникот, како што се отпечаток од прст, ирис, препознавање говор или лице и геометрија на дланка.

(3) Субјектите кои ги обезбедуваат податоците и документите за клиентот, ополномоштувачот и вистинскиот сопственик за целите на постојано следење на деловниот однос на начин утврден во ставовите (1) и (2) на овој член се должни да применат соодветни технички и организациски мерки кои ќе обезбедат ниво на безбедност на обработката на личните податоци соодветно на ризикот согласно прописите за заштита на личните податоци.

(4) Субјектите од ставот (3) на овој член се должни да донесат процедури во кои се опишани техничките и организациските мерки согласно ставот (3) на овој член.

**Член 3**

Постапката за ажурирање на документите и податоците за клиентот, ополномоштувачот и вистинскиот сопственик за целите на постојано следење на деловниот однос од член (2) од оваа уредба со законска сила, не се смета како постапка со клиенти кои не се физички присутни согласно член 35 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

**Член 4**

Субјектите можат на клиентите со низок ризик коишто не се ажурирани да не им го ограничуваат работењето за време на траење на вонредната состојба, само доколку клиентите извршуваат трансакции во рамките на вообичаеното деловно работење со субјектот.

**Член 5**

Оваа уредба со законска сила ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, како и 180 дена по престанувањето на траењето на вонредната состојба.

**Член 6**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.44-5298/1**
**10 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**